Службен весник на Република Македонија

Број 3 **4 јануари 2014, сабота** **година LXX**

www.slvesnik.com.mk **contact@slvesnik.com.mk**

С О Д Р Ж И Н А

		Стр.
54.	**Уредба** за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош.....	**2**
55.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Министерството за здравство.....	**29**
56.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за здравство.....	**29**
57.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за здравство.....	**29**
58.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за здравство.....	**30**
59.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за здравство.....	**30**
60.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Министерството за здравство.....	**31**
61.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за здравство.....	**31**
62.	**Одлука** за формирање на Комитет за системи за наводнување.....	**31**
63.	**Објава** за движењето на индексот на цените на мало во Република Македонија за месец декември 2013 година.....	**32**
64.	**Објава** за движењето на индексот на трошоците на животот во Република Македонија за месец декември 2013 година.....	**32**
	Огласен дел.....	**1-128**

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

54.

Врз основа на член 8 став (3), а во врска со член 8 став (2) точка д) од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија", бр. 145/2010), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 30.12.2013 година, донесе

УРЕДБА
за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош

Член 1

Предмет

Со оваа уредба се пропишуваат условите и постапките за доделување на хоризонтална помош.

Член 2

Примена

Хоризонтална помош може да се додели за истражување и развој и иновации, заштита на животната средина, вработување, обука, вршење на услуги од општ економски интерес и мали и средни претпријатија во кој било облик, вклучувајќи го и обликот на ризичен капитал.

Член 3

Дефиниции

Одделни поими употребени во оваа уредба го имаат следново значење:

(1) „истражувачка организација„ е организација како што е универзитет или истражувачки институт, без оглед на нивниот правен статус (според јавно или приватно право) или начин на финансирање чија што основна цел е спроведување на основно истражување, индустриско истражување или експериментален развој и претставување на резултатите од нивното истражување преку настава, нивно објавување или трансфер на технологија; остварениот профит мора да биде повторно инвестиран во наведените активности и ниедно претпријатие не може да има повластен пристап до резултатите на истражувачката организација.

(2) "основно истражување" е експериментална или теоретска работа, која се презема првенствено со цел здобивање нови знаења од нагласените основни појави и забележливи факти, без директна практична примена или употреба.

(3) "индустриско истражување" е планирано или критичко истражување со цел стекнување на нови знаења и вештини за развој на нови производи, процеси или услуги, или за значително подобрување на постојните производи, процеси и услуги. Тоа подразбира создавање на компоненти како дел од комплексни системи, кои се неопходни за индустриско истражување, особено за генерички технолошка валидност, со исклучок на прототипи;

(4) "експериментален развој" е стекнување, комбинирање, измена и користење на постоечките научни, технолошки, деловни и други релевантни знаења и вештини со

цел подготовка на план и аранжмани или дизајни за нови, изменети или подобрени производи, процеси или услуги.
Ова исто така може да вклучува, на пример, и други активности во контекст на концептуалната дефиниција, планирање и документација на нови производи, процеси и услуги. Активностите може да се состојат од правење нацрти, цртежи, планови и друга документација, под услов тие да не се наменети за комерцијална употреба. Развојот на комерцијално употребливи прототипови и пилот проекти исто така е вклучен во делот каде прототипот претставува нужен конечен комерцијален производ и каде истото е премногу скапо доколку би се користел само за демонстративни потврдувачки цели. Во случај на подоцнежно комерцијално користење на демонстрацијата или пилот проектите, секоја добивка произлезена од таквата употреба мора да биде одземена од оправданите трошоци. Експерименталното производство и тестирање на производите, процесите и услугите се исто така оправдани, под услов да не може да се користат или да бидат трансформирани за индустриска или комерцијална примена. Експерименталниот развој не ја вклучува рутината или периодичните промени направени на производите, производните линии, процесите на производство, постоечките услуги и други операции кои се во тек, дури и ако таквите промени може да претставуваат подобрувања.

(5) "иновативна постапка" е имплементација на ново или значително подобрено производство или метод на достава (вклучувајќи значителни промени во техники, опрема и / или софтвер). Помали или рутински промени или подобрувања не се сметаат за иновации.

(6) "организациска иновација" е имплементација на нов организациски метод во бизнис практиката на претпријатието, организација на работното место или надворешни односи. Помали или рутински промени или подобрувања не се сметаат за иновации.

(7) "иновативни кластери" се групации на независни претпријатија, кои работат во одреден сектор и регион, создадени да стимулираат иновативна активност преку промовирање на интензивни интеракции, споделување на простории и размена на знаења и експертиза како и преку ефективно придонесување кон трансфер на технологија, вмрежување и ширење информации помеѓу претпријатијата во кластерот.

(8) "високо квалификуван персонал" се истражувачи, инженери, дизајнери и маркетинг менаџери со високо образование и најмалку 5 години релевантно професионално искуство. Докторска обука може да се смета како релевантно професионално искуство.

(9) "прераспределување" е привремено вработување на персонал од страна на корисникот во одреден период, по што истиот има право да се врати кај својот претходен работодавач согласно закон.

(10) "заштита на животната средина" е било каква акција со цел да се поправи или да се спречи оштетување на физичка околина или природни ресурси од сопствени активности на корисникот на помошта, да се намали ризикот од таквата штета или да доведе до поефикасно користење на природните ресурси, вклучувајќи мерки за заштеда на енергија и користењето на обновливи извори на енергија.

(11) "мерка за заштеда на енергија" е мерка и активност која им овозможува на претпријатијата да се намали количината на енергија која се користи особено во нивниот производен циклус.
(12) "обновливи извори на енергија" се следниве обновливи нефосилни извори на енергија: ветерна, сончева, аеротермална, геотермална, бранови, плима, хидротермална, биомаса, депониски гас, пречистителни станици за третман на отпадните води, гас добиен од станици за прочистување на отпадни води и биогас.

(13) "комбинирано производство (когенерација)" е истовремено производство во еден процес на топлинска и електрична и / или механичка енергија.

(14) "контаминирано земјиште / површина" е земјиште каде што има потврдено присуство на опасни супстанции, предизвикани од страна на човекот, на такво ниво што тие претставуваат значителен ризик по здравјето на луѓето или животната средина, притоа земајќи ги предвид сегашните и идните одобрени користења на земјиштето.

(15) "материјални средства" се инвестиции во земјиште, кои се неопходни за исполнување на целите за заштита на животната средина, инвестиции во згради, постројки и опрема наменета за да се намали или елиминира загадувањето и непријатностите/пречките, и инвестиции за прилагодување на производствените методи во поглед на заштита на животната средина.

(16) "нематеријални средства" се трошоци поврзани со трансфер на технологии преку стекнување на оперативни дозволи или на патентирани и непатентирани know-how каде што следните услови се исполнети: нематеријалните средства мора да се сметаат како средства што се амортизираат, мора да се купени под пазарни услови, мора да бидат вклучени во средствата на претпријатието и да останат во владение на корисникот на помошта каде што истите ќе се користат најмалку пет години од страна на корисникот на помошта.

(17) "невработено лице кое активно бара работа„ е секое лице кое:

- не бил во редовен платен работен однос во претходните 6 месеци или
- не се стекнал со средно образование или стручна квалификација или
- е над 50 годишна возраст или
- живее сам со едно или повеќе лица за издржување или
- работи во сектор или професија каде што половата нерамнотежа е најмалку 25% повисока од просечната полова нерамнотежа во сите економски сектори во Република Македонија, и припаѓа на таа недоволно застапена полова група или
- е член на етничко малцинство во рамките на Република Македонија, а кои бара развој на неговиот или нејзиниот лингвистички, стручен или работен профил со цел подобрување на изгледите за добивање пристап до стабилно вработување,

(18) "лице кое особено тешко се вклучува на пазарот на трудот" е секое лице кое е невработено 24 месеци или повеќе.

(19) "инвалидизирано лице" е секое лице:

- Признато како инвалид според законите на Република Македонија; или
- Имаат признато ограничување што произлегува од физички, ментални или психолошки оштетувања.

(20) "заштитничко вработување" е вработување во друштво каде што најмалку 50% од вработените се инвалидизирани лица.

(21) "трошок за плата" е вкупната сума што треба да се плати од страна на корисникот на помошта во однос на вработувањето за кое станува збор и се состои од: плата, пред оданочување и придонеси за задолжително социјално осигурување.

(22) "посебна обука" е обука која ја вклучува школарината/ надоместот за обука, која директно и единствено се однесува на сегашната или идната позиција на вработениот

во претпријатието и со која се обезбедуваат квалификации кои не се преносливи на други претпријатија или пак истите може да се пренесуваат на други претпријатија или делокруг на работење но само до одреден степен.

(23) "општа обука" е обука која ја вклучува школарината / надоместот за обука, која не се однесува директно или единствено на сегашната или идната позиција на вработениот во претпријатието, а која обезбедува квалификации, кои во голема мера се преносливи на други претпријатија или делокруг на работење. Обуката ќе се смета за општа доколку на пример:

- е заеднички организирана од страна на различни независни претпријатија или каде што вработените од различни претпријатија може да ја искористат обуката;
- е призната, заверена или потврдена од страна на јавните органи или тела или од други органи или институции на кои Република Македонија или Заедницата им ги пренеле овластувањата.

(24) "влог" е сопственички интерес во една компанија, претставен од страна на акциите издадени на инвеститорите.

(25) "приватен влог" се приватни (што е спротивно на јавни) вложувања во акции во компании кои не котираат на берзата, вклучувајќи ризичен капитал, замена на капиталот и купување на записи.

(26)"квази-вложувачки инвестициски инструменти " се инструменти чиј повраток за сопственикот (инвеститорот / заемодавач) е претежно базиран на добивката или загубата на компанијата, се необезбедени во случај на неисполнување на обврските.

(27)"инструменти за инвестициски долгови" се заеми и други финансиски инструменти кои му обезбедуваат на давателот / инвеститорот доминантна компонента на фиксен минимален надоместок и се барем делумно обезбедени.

(28)"претпочетен капитал" е финансирање наменето за учење / обука, оценување и развој на првичниот концепт, пред започнување на почетната фаза.

(29)"почетен капитал" е финансирање предвидено за компании, кои не го продаваат нивниот производ или услуга на комерцијална основа и сеуште немаат генерирано профит, за развој на производот и првичен маркетинг.

(30) "капитал во рана фаза" е иницијален и почетен капитал.

(31) "растечки капитал" е финансирање предвидено за раст и проширување на компанијата, кој може или не да ја достигне цената на чинење (позитивна нула) или да тргува профитабилно, со цел зголемување на капацитетот на производството, прометот или развој на производот, или пак обезбедување на дополнителни обртни средства.

(32) "несигурен капитал" е инвестирање во некотирани компании преку инвестициски фондови (капитални фондови) кои, дејствувајќи како управители, управуваат со индивидуалните, институционални или компаниските финансии и вклучува рана фаза и проширување на финансирањето, но не и замена на истите и купување на испис.

(33) "заменувачки капитал" е купување на постоечки акции во фирма од страна на друга приватна капитална инвестициска организација или од друг акционер или акционери.

(34) "ризичен капитал" е капитал и квази-капитал за финансирање на компаниите во текот на нивните рани растечки фази (иницијални, почетни и фази на проширување), вклучувајќи ги и неформалните инвестиции од бизнис ангелите, несигурен капитал и алтернативни берзи специјализирани за мали и средни претпријатија вклучително и висок раст на компаниите.

(35) "дополнително инвестирање" се дополнителни инвестиции во компанијата после почетна инвестиција.

(36) "откуп" е купување најмалку на контролниот процент од капиталот / вредноста на компанијата од страна на сегашните акционери, преземање на своите средства и операции преку преговори или тендерска понуда.

(37) "целно претпријатие" е претпријатие или фирма во која инвеститор или инвестициски фонд ја разгледува можноста за инвестирање.

(38) "бизнис ангели" се богати поединци кои инвестираат директно во нови, брзо-растечки некотирани бизниси (иницијални финансии) и им обезбедуваат совети, обично во замена за удел во бизнисот, но исто така може да обезбедат и други долгорочни финансии.

(39) "интензитетот на помошта" е бруто износот на помошта изразен како процент од оправданите трошоци. Сите користени податоци треба да бидат земени во моментот пред ослободување од плаќање на данок или други давачки. Кога помошта се доделува во поинаква форма од грант, износот на истата треба да биде грант еквивалентен на неа. Помошта која треба да се плати на неколку рати ќе биде намалена на нејзината вредност во моментот на издавањето. За дисконтирање како и за пресметување на износ на помошта како мек заем, се користи референтната каматна стапка пропишана во времето на давање на помошта. Интензитетот на помошта се пресметува по корисник.

(40) „референтна каматна стапка„ е стапка која се определува во согласност со методологијата за определување на референтни и дисконтни стапки дадена во Соопштението на Европската комисија за ревизија на методологијата за определување на референтни и дисконтни стапки бр. 2008/С 14/02 објавено во Службениот весник на Европската комисија бр. 14/6 од 19.01.2008 година..

(41) „мало претпријатие„ е претпријатие кое има помалку од 50 вработени и кое има годишен приход и/или вкупен биланс на состојба кој не надминува 10 милиони евра во денарска противвредност.

(42) „средно претпријатие„ е претпријатие кое има помалку од 250 вработени и кое има годишен приход кој не надминува 50 милиони евра во денарска противвредност и/или вкупен биланс на состојба кој не надминува 43 милиони евра во денарска противвредност.

Правила на кумулација на помош

(1) Максималните интензитети на помош за истражување и развој и иновации, за заштита на животната средина, за вработување и за обука утврдени во оваа уредба се применуваат на целата помош без разлика дали истата целосно е финансирана од Република Македонија или делумно од страна на Европската унија.

(2) Помош за истражување и развој и иновации, за заштита на животната средина, за вработување и за обука не треба да се кумулира со помошта од мало значење во однос на истите оправдани трошоци со цел да се избегнат максималните интензитети на помош одредени во оваа уредба.

(3) Помошта во облик на ризичен капитал се кумулира со друга државна помош, при што максималниот интензитет на помош се намалува за 20% за целните претпријатија во текот на првите три години од доделувањето на ризичниот капитал за првата инвестиција во облик на ризичен капитал па се додека се додели вкупниот износ.

(4) Одредбата од став (3) на овој член не се однесува на доделување на државна помош за истражување и развој и иновации.

II. Истражување и развој и иновации

Член 5

Помош за истражување и развој и иновации

(1) Помош за истражување и развој и иновации е дозволена доколку се очекува дека истата може да доведе до дополнителни истражувања и развој и иновации.

(2) Помош за истражување и развој и иновации е дозволена како помош за:

- истражувачки и развојни проекти;
- технички студии на изводливост (технички физибилити студии);
- трошоци за права од индустриска сопственост за мали и средни претпријатија;
- нови иновативни претпријатија;
- процесна и организациска иновација на услугите;
- советодавни услуги и услуги за иновативна подршка;
- наем на високо квалификуван персонал;
- иновациски кластери.

Член 6

Услови за доделување на помош за истражувачки и развојни проекти

(1) Помошта за истражувачки и развојни проекти е дозволена доколку се исполнети следниве услови:

1) Помошта да се однесува на една или повеќе од следниве категории на истражување: основно истражување, индустриско истражување, експериментален развој.

2) Интензитетот на помошта за секој корисник да не надминува:

- 100% од оправданите трошоци за основни истражувања;
- 50% од оправданите трошоци за индустриски истражувања и
- 25% од оправданите трошоци за експериментален развој.

Интензитетот на помош за секој корисник вклучен во проект кој се спроведува во соработка помеѓу истражувачки организации и претпријатија, се определува согласно став (2) алинеа 2 а) од овој член.

Во случај кога помошта се доделува за истражувачки и развојни проекти кои се спроведуваат во соработка помеѓу истражувачки организации и претпријатија, вкупната помош која произлегува од давателот на помошта и од истражувачките организации кога тоа претставува државна помош во смисла на Законот за контрола на државната помош не смее да го надмине интензитетот на помош кој се применува за секое претпријатие корисник.

(2) Интензитетот на помошта од ставот (1) точка 2 на овој член за индустриски истражувања и експериментален развој може да се зголеми:
- до 10 процентни поени за средни претпријатија и за 20 процентни поени за мали претпријатија и
- до 15 процентни поени, но не повеќе од максималниот интензитет на помошта од 80%, доколку:

а) Проектот опфаќа ефективна соработка помеѓу најмалку две независни претпријатија, доколку ниту едно претпријатие не учествува со повеќе од 70% од оправданите трошоци на проектот и проектот опфаќа соработка со најмалку едно мало или средно претпријатие или претставува прекугранична соработка; или

б) Проектот опфаќа ефективна соработка помеѓу претпријатие и истражувачка организација, доколку истражувачката организација учествува со најмалку 10% од оправданите трошоци на проектот и истражувачката организација има право да ги објави резултатите од проектното истражување доколку истите потекнуваат од истражувањето направено од страна на таа организација; или

в) Во случај на индустриско истражување, резултатите на проектот се широко распространети преку технички и научни конференции, преку објавување во научни или технички списанија, преку отворен пристап до бази на податоци, каде до основните податоци од истражувањата може да пристапи секој, или преку слободен интернет пристап.

За целите на став 2 точки а) и б) од овој член, склучување поддоговори не се смета за ефективна соработка.

(3) Оправдани трошоци се:

- персонални трошоци (истражувачи, техничари и друг кадар за поддршка, вработени на проектот за истражување);
- трошоци за инструменти и опрема до одреден степен, за периодот за кој истите се користат за потребите на истражувачкиот проект;
- трошоци за згради и земјиште до одреден степен за времетраење на проектот за периодот за кој истите се користат за потребите на истражувачкиот проект;
- трошоци за договорно истражување, техничко знаење и патенти купени или лиценцирани од страна на надворешни извори по пазарни цени, како и трошоци за консултантски и еквивалентни услуги кои исклучиво се користат за истражувачките активности;

- дополнителни трошоци настанати директно како резултат на истражувачки проект и
- други оперативни трошоци, вклучувајќи ги и трошоците за материјали, набавки и слични производи настанати директно како резултат на истражувачката дејност.

Член 7

Услови за доделување на помош за технички студии за изводливост

(1) Помошта за технички студии за изводливост како подготовка на индустриското истражување или активности за експериментален развој е дозволена доколку се исполнети следниве услови:

1) интензитетот на помошта да не надминува :

- 75% од оправданите трошоци за студии како подготовка на индустриски истражувачки активности и 50% од оправданите трошоци за студии како подготовка на активности за експериментален развој за мали и средни претпријатија;
- 65% од оправданите трошоци за студии како подготовка на индустриски истражувачки активности и 40% од оправданите трошоци за студии како подготовка на активности за експериментален развој за големи претпријатија.

(2) Оправдани трошоци се трошоци за студиите.

Член 8

Услови за доделување помош за трошоците за права на индустриска сопственост за мали и средни претпријатија

(1) Помош на мали и средни претпријатија за трошоците поврзани со добивањето на патенти и други права од индустриска сопственост е дозволена доколку се исполнети следниве услови:

1) Интензитетот на помошта да не го надминува интензитетот на помош за истражувачки и развојни проекти предвиден во член 6 став (1) точка 2) и став (2) од оваа уредба во зависност од тоа кои истражувања први ќе резултираат со права на индустриска сопственост.

(2) Оправдани трошоци се:

- сите трошоци кои претходат на стекнување на правото на индустриска сопственост, вклучувајќи и трошоци поврзани со подготовката и поднесувањето на пријава, како и управната постапка пред надлежниот орган за стекнување на правата на индустриска сопственост;
- превод и други трошоци настанати со цел да се добие дозвола или потврда на правото во други правни надлежности и
- трошоци настанати при заштита на валидноста на правото на индустриска сопственост во управна постапка пред надлежен суд, дури и ако овие трошоци настануваат по стекнувањето на правото на индустриска сопственост.

Член 9

Услови за доделување помош за нови иновативни претпријатија

(1) Помошта за нови иновативни претпријатија е дозволена доколку се исполнети следниве услови:

1) корисникот е мало претпријатие кое постои помалку од шест години од времето кога помошта е доделена и,

2) корисникот е иновативно претпријатие на основа на:

- проценка извршена од страна на надворешен експерт која покажува дека корисникот во блиска иднина ќе развива производи, услуги или процеси кои се технолошки нови или значително подобрени во споредба со состојбата на техниката во својата индустрија во Република Македонија и кои сносат ризик технолошки или индустриски да пропаднат, или

- трошоците за истражување и развој на корисникот изнесуваат најмалку 15% од неговите вкупни оперативни трошоци во најмалку една од трите години пред одобрување на помошта или во случај на ново претпријатие без никаква финансиска историја, во ревизијата на тековниот фискален период.

3) помошта не е повисока од 1,5 милиони евра во денарска противвредност.

(2) Корисникот може да добие помош само еднаш во текот на периодот во кој се квалификува како ново иновативно претпријатие. Оваа помош може да се кумулира со други видови на помош од ова поглавје од Уредбата, односно со помош за истражување и развој и иновации во согласност со правилата за мали и средни претпријатија и со помош за ризичен капитал.

(3) Корисникот може да добие и друга државна помош, освен за истражување и развој и иновации, како и помош за ризичен капитал, но само три години по доделување на помошта за ново иновативно претпријатие.

Член 10

Услови за доделување помош за процесна и организациска иновација кај услугите

(1) Помошта за процесна и организациска иновација кај услугите е дозволена доколку се исполнети следниве услови:

1) иновацијата мора да биде формулирана како проект со точно идентификуван и квалификуван проектен менаџер, како и идентификувани проектни трошоци;

2) организациската иновација секогаш мора да биде поврзана со употребата и експлоатација на информатички и комуникациски технологии (ИКТ) за промена на организацијата;

3) резултат на проектот кој се поддржува со помошта, мора да биде развој на стандард, на бизнис модел, односно методологија или концепт, кои може систематски да се репродуцираат, и по можност да бидат сертифицирани и патентирани;

4) процесната или организациската иновација мора да биде нова или значително подобрена во споредба со состојбата во својата индустрија во Република Македонија;
5) процесната или организациската иновација мора да содржи јасен степен на ризик.
6) Максималниот интензитет на помош за процесна и организациска иновација кај услугите изнесува 15% за големи, 25% за средни и 35% за мали претпријатија. Големите претпријатија може да добијат ваква помош доколку истите соработуваат со малите и средни претпријатија во активностите за добивање помош, при што во соработката мора да учествуваат со најмалку 30% од вкупните оправдани трошоци.

(2) Оправдани трошоци се исти како и трошоците за истражувачки и развојни проекти утврдени во член 6 став (3) на оваа уредба. Во случај на организациска иновација, трошоците за инструменти и опрема ги покриваат само трошоците за ИКТ инструменти и опрема.

Член 11

Услови за доделување на помош за иновативно советодавни услуги и за услуги за иновативна поддршка

(1) Помошта за иновативно советодавни услуги и за услуги за иновативна поддршка е дозволена доколку се исполнети следниве услови:

1) Корисникот е мало или средно претпријатие;
2) Помошта не надминува 200 000 евра во денарска противвредност по корисник во рамките на кој било период од три години;
3) Давателот на услугата добива национален или европски сертификат. Доколку давателот на услугата не добива национален или европски сертификат, помошта не може да покрие повеќе од 75% од оправданите трошоци;
4) Корисникот мора да користи државна помош за купување на услуги по пазарна цена, или, ако се работи за непрофитна организација, по цени кои содржат трошоци и разумна добивка.

(2) Оправдани трошоци за иновативно советодавни услуги се:

- трошоци за менаџмент консалтинг, технолошка помош, услуги за трансфер на технологија, обука, консултантски услуги за стекнување, заштита и размена на права на интелектуална сопственост и за лиценцирање на договори, консултации за употреба на стандардите.

(3) Оправдани трошоци за услуги за иновативна подршка се:

- трошоци за работен простор, банки на податоци, технички библиотеки, пазарно истражување, користење лаборатории, заштитен знак, тестирање и сертифицирање.

(4) Доколку давателот на услугата е непрофитна организација, помошта може да биде дадена во форма на намалена цена, како разлика меѓу платената цена и пазарната цена (или цена која содржи трошоци и разумна добивка).

Член 12

Услови за доделување помош за наем на високо квалификуван персонал

(1) Помошта за наем на високо квалификуван персонал кој е прераспределен од истражувачка организација или од големо претпријатие во мало или средно претпријатие, е дозволена доколку се исполнети следните услови:

1) Прераспределениот персонал не може да биде замена за друг персонал, но истиот е вработен на новонастаната функција кај претпријатието корисник, и мора да е во работен однос од најмалку две години во истражувачката организација или во големото претпријатие, кое го испраќа персоналот кој е прераспределен. Прераспределениот персонал мора да работи на активности за истражување и развој и иновации во рамките на малото или средното претпријатие кое ја добива помошта.

2) Интензитетот на помош да не надминува 50% од оправданите трошоци, за период од најмногу три години по претпријатие и по прераспределен работник.

(2) Оправдани трошоци се сите персонални трошоци за изнајмување и вработување на високо квалификуван персонал, вклучувајќи ги и трошоците за користење на агенција за вработување, како и надомест за мобилност на персоналот.

(3) Одредбата од став 1 на овој член не дозволува покривање на консултантски трошоци (плаќање на услугата, дадена од страна на експерт, без вработување на истиот во претпријатието).

Член 13

Услови за доделување помош за иновативни кластери

(1) Инвестициската помош е дозволена за создавање, проширување и анимација на иновативни кластери исклучиво на правното лице кое управува со иновативниот кластер. Правното лице ќе биде задолжено за управување со учеството и пристапот до просториите на кластерот, објектите и активностите. Пристапот до просториите на кластерот, објектите и активностите не смее да биде ограничен, а надоместоците кои се наплаќаат за употреба на објектите и учеството во активностите треба да ги содржи нивните трошоци.

(2) Инвестициската помош е дозволена за следните објекти:
- Објекти за обука и истражувачки центар;
- Инфраструктурни објекти за истражување од отворен тип: лаборатории, објекти за тестирање;
- инфраструктури за широкопојасни мрежи.

(3) Интензитет на инвестициската помош не смее да надмине 50% од оправданите трошоци.

(4) Интензитет на помошта од став (3) на овој член може да се зголеми до 20 процентни поени за помош доделена на мало претпријатие и до 10 процентни поени за помош доделена на средно претпријатие.

(5) Оправдани трошоци за инвестициска помош се трошоците поврзани со инвестиции во земјиште, згради, машини и опрема.

(6) Оперативна помош за анимација на кластери може да се додели на правно лице кое управува со иновативниот кластер.

(7) Оперативната помош е дозволена за ограничено времетраење од пет години, каде што помошта постепено се намалува, почнувајќи од 100% во првата година до 0% на крајот на петтата година. Во случај кога помошта не се намалува, периодот е ограничен до пет години и интензитетот не смее да надминува 50% од оправданите трошоци.

(8) Оправданите трошоци на оперативната помош ќе претставуваат персоналните и административните трошоци кои се однесуваат на следните активности:

- маркетинг на кластерите за регрутирање на нови компании кои ќе земат учество во кластерот;
- управување со објектите на кластерот кои имаат отворен пристап;
- организација на програми за обука, работилници и конференции за поддршка на споделување на знаењето и вмрежување помеѓу членовите на кластерот.

Член 14

Постапка за доделување на помош за истражување и развој и иновации

(1) Помошта за истражување и развој и иновации е дозволена само доколку пред почетокот на проектот е поднесено барање од страна на корисникот до давателот на државната помош.
(2) Трошоци кои може да се сметаат како потребни за покривање на рутински активности на компанијата не се оправдани за помош за истражување и развој и иновации.
(3) Сите давателите на државна помош мора да покажат дека истата ќе има поттикнувачки ефект, односно дека ќе доведе до менување во однесувањето на корисниците, така што ќе се зголеми нивото на активности за истражување и развој и иновации (зголемување на големината, обемот, потрошениот износ или брзината).
(4) Поттикнувачкиот ефект автоматски е исполнет за следниве мерки за помош:
- проект и студии на изводливост, каде што корисник на помош се мали или средни претпријатија и каде што износот е под 7,5 милиони евра во денарска противвредност по претпријатие,
- помош за трошоци за права на индустриска сопственост за мали или средни претпријатија,
-помош за нови иновативни претпријатија,
-помош за иновативно советодавни услуги и услуги за иновативна подршка,
-помош за заем на високо квалификуван персонал.
(5) Во случаите каде што показателите утврдени во став (3) од овој член не може да се сметаат за доволна демонстрација на поттикнувачкиот ефект, Комисијата за заштита на конкуренцијата презема детална проценка. Комисијата за заштита на конкуренцијата ќе изврши детална проценка, каде што износот на помошта надминува:

а) за проектна помош и за студии за изводливост:

- 20 милиони евра во денарска противвредност по претпријатие по проект или студија за изводливост доколку проектот претставува претежно основно истражување;
- 10 милиони евра евра во денарска противвредност по претпријатие по проект или студија за изводливост доколку проектот е претежно индустриско истражување;
- за сите други проекти 7,5 милиони евра во денарска противвредност по претпријатие, по проект или студија на изводливост;

б) 5 милиони евра во денарска противвредност по проект по претпријатие за процесната или организациската иновација во услужните активности;

в) 5 милиони евра во денарска противвредност за иновативни кластери (по кластер).

III. *Заштита на животната средина*

Член 15

Помош за заштита на животната средина

(1) Државна помош за заштита на животната средина е дозволена како помош:
а) за претпријатија кои применуваат повисоки стандарди за заштита на животната средина согласно националното законодавство за заштита на животната средина или кои го зголемуваат нивото на заштита на животната средина во отсуство на обврзувачките стандарди (инвестициска помош),
б) за стекнување на нови транспортни возила кои излегуваат надвор од обврзувачките стандарди или кои го зголемуваат нивото на заштита на животната средина во отсуство на обврзувачките стандарди,
в) за предвремена примена на идните обврзувачки стандарди,
г) за заштеда на енергија,
д) за обновливи извори на енергија,
ѓ) за комбинирано производство и централно греење,
е) за студии за заштита на животната средина,
ж) за управување со отпад,
з) за санација на контаминирани локалитети,
ѕ) за алокација на претпријатија,
и) во форма на намалување или изземање од плаќање на надоместоци за заштита на животната средина.

Член 16

Услови за доделување на инвестициска помош за заштита на животната средина

(1) Инвестициската помош е дозволена доколку се исполнети следните услови:

1) инвестицијата овозможува зголемување на нивото на заштита на животната средина што произлегува од следните активности на корисникот:
а) надминување на важечките обврзувачки стандарди или
б) отсуство на обврзувачки стандарди.

Помошта утврдена во точка 1) од овој став не може да се додели во случај кога подобрувањата што ги прават претпријатијата во согласност со обврзувачките стандарди се веќе донесени но ќе влезат во сила најдоцна за една година од завршувањето и примената на инвестицијата.

2) Интензитетот на помошта да не надминува 50% од оправданите инвестициски трошоци.
3) Максималниот интензитет на инвестициска помош утврден во став (1) точка 2) од овој член може да се зголеми на следниов начин:
а) до 100% од оправданите инвестициски трошоци, каде што помошта се дава преку процес на транспарентно наддавање,
б) за 10 процентни поени, каде што инвестицијата се однесува на стекнување на средства за еко-иновации или за лансирање на еко-иновациски проект,
в) за 10 процентни поени за средни претпријатија или
г) за 20 процентни поени за мали претпријатија.

(2) Оправдани инвестициски трошоци за инвестиција од став (1) точка 1) а) од овој член се дополнителни инвестициски трошоци (во материјални или во нематеријални средства) потребни за да се постигне повисоко ниво на заштита на животната средина од нивото кое се бара со важечките стандарди. Оправданите трошоци се пресметуваат како нето разлика од било кои оперативни трошоци и оперативни бенефиции, поврзани со дополнителни инвестиции за заштита на животната средина и кои произлегуваат во текот на првите пет години од инвестицијата за која станува збор

(3) Оправдани инвестициски трошоци за инвестиција од став (1) точка 1) б) од овој член се инвестициски трошоци (во материјални или во нематеријални средства) потребни за да се постигне повисоко ниво на заштита на животната средина од нивото кое претпријатието би го постигнало без помош за заштита на животна средина.

Член 17

Услови за доделување на помош за набавка на нови транспортни средства кои ги надминуваат обврзувачките стандарди или го зголемуваат нивото на заштита на животната средина во отсуство на обврзувачки стандарди

(1) Условите предвидени во член 16 од оваа уредба се применуваат за помош за претпријатија со цел подобрување на обврзувачките стандарди или зголемување на нивото на заштита на животната средина во отсуство на обврзувачките стандарди во транспортниот сектор.
(2) Помош за набавка на нови транспортни средства за патниот, железничкиот и внатрешниот воден транспорт, во согласност со донесените обврзувачки стандарди е дозволена, во случај кога таквата набавка се случува пред нивното влегување во сила и каде што новите обврзувачки стандарди кои се задолжителни нема да се применуваат ретроактивно на веќе купени транспортни средства.
(3) Помош е дозволена за надградба на постојните средства за транспорт во случај кога таквата набавка се случува пред влегувањето на обврзувачките стандарди во сила и каде што новите обврзувачки стандарди кои се задолжителни нема да се применуваат ретроактивно на веќе купени средства.

Член 18

Услови за доделување на помош за предвремено приспособување на идните обврзувачки стандарди

(1) Помошта за приспособување на идните обврзувачки стандарди, кои го зголемуваат нивото на заштита на животната средина и истите сеуште не се во сила, е дозволена доколку се исполнети следните услови:
1) обврзувачките стандарди се усвоени и
2) инвестицијата е имплементирана и завршена најмалку една година пред влегувањето во сила на обврзувачкиот стандард.
3) Интензитетот на помошта да не надминува 25% за мали, 20% за средни и 15% за големите претпријатија од оправданите трошоци, доколку спроведувањето и финализацијата трае повеќе од три години пред датумот на примена на стандардот или од датумот на влегување во сила.
4) Интензитетот на помошта да не надминува 20% за мали претпријатија, 15% за средни претпријатија и 10% за големите претпријатија, ако спроведувањето и финализација е помеѓу една и три години пред датумот на примена на стандардот или од датумот на влегување во сила.

(2) Оправданите трошоци се дополнителните инвестициски трошоци (во материјални или нематеријални средства) неопходни за достигнување на нивото на бараната заштита на животната средина со обврзувачкиот стандард во споредба со постојното ниво на заштита на животната средина од пред влегувањето во сила на овој стандард.

(3) Оправданите трошоци се пресметуваат како нето разлика од било кои оперативни трошоци и оперативни бенефиции поврзани со дополнителните инвестиции кои произлегуваат во текот на првите пет години од инвестицијата.

Член 19

Услови за доделување на инвестициска помош за заштеда на енергија

(1) Инвестициската помош за заштеда на енергија со која на претпријатијата им се овозможува да постигнат заштеда на енергија е дозволена доколку се исполнети следните услови:

1) Интензитетот на помошта да не надминува 60% од оправданите инвестициски трошоци.

2) Интензитетот на помошта од точка 1) од овој став може да се зголеми:
а) за 20 процентни поени за мали претпријатија.
б) за 10 процентни поени за средни претпријатија или
в) до 100% од оправданите инвестициски трошоци, каде помошта се доделува преку процес на транспарентна јавна набавка.

(2) Оправдани трошоци се дополнителни инвестициски трошоци (во материјални или нематеријални средства) потребни за постигнување заштеда на енергија кои ги надминуваат обврзувачките стандарди.

(3) Оправданите трошоци се пресметуваат како нето разлика од било кои оперативни трошоци и оперативни бенефиции, поврзани со дополнителни инвестиции за заштеда на енергија и кои произлегуваат во текот на првите три години од инвестицијата за мали и средни претпријатија, односно во текот на првите четири години за големи претпријатија кои не се дел од ЕУ Систем на тргување со емисија на CO2, а во текот на првите пет години за големи претпријатија кои се дел од ЕУ Систем на тргување со емисија на CO2. .

Член 20

Услови за доделување на инвестициска помош за високо ефективно комбинирано производство

(1) Инвестициската помош за високо ефективно комбинирано производство е дозволена доколку високо-ефикасни комбинирани стандарди се исполнети, и:
а) новата комбинирана постројка ќе направи целосна заштеда на енергијата во споредба со посебно / поединечно производство,
б) подобрување на постоечката когенеративна единица или замена на постоечката електрична со когенеративна единица, ќе резултира во извонредна заштеда на енергија во споредба со оригиналната состојба.

(2) Помошта не смее да надмине 60% од оправданите инвестициски трошоци.

(3) Максималниот интензитет на помош може да се зголеми:

а) до 100% од оправданите инвестициски трошоци, кога помошта се дава преку процес на транспарентно конкурентно наддавање,
б) за 10 процентни поени за средни претпријатија или
в) за 20 процентни поени за мали претпријатија.

(4) Оправданите трошоци ќе бидат ограничени до висината на дополнителните инвестициски трошоци (во материјални и во нематеријални средства) потребни за реализација на високо-ефикасна комбинирана постројка во споредба со споменатата инвестиција.

(5) Оправданите трошоци се пресметуваат како нето износ од било кои оперативни бенефиции и трошоци, поврзани со дополнителни инвестиции и кои произлегуваат во текот на првите пет години од инвестицијата за која станува збор.

Член 21

Услови за доделување на инвестициска помош за обновливи извори на енергија

(1) Инвестициска помош за унапредување на енергијата од обновливи извори на енергија е дозволена доколку се исполнети следните услови:
1) не постојат задолжителни обврзувачки стандарди во врска со учеството на енергијата од обновливи извори кај претпријатијата.
2) за производство на биогорива само во однос на одржливи био-горива.
3) интензитетот на помошта да не надминува 60% од оправданите инвестициски трошоци.
4) Интензитетот на помошта од точка 3) од овој член може да се зголеми:
а) до 20 процентни поени за мали претпријатија.
б) до 10 процентни поени за средни претпријатија или
в) до 100% од оправданите инвестициски трошоци, каде што помошта се дава преку процес на транспарентно наддавање.

(2) Оправданите инвестициски трошоци ќе бидат ограничени на дополнителните инвестициски трошоци (во материјални или нематеријални средства) на товар на корисникот во споредба со конвенционалната електроцентрала или со конвенционалниот систем за греење со ист капацитет во однос на ефективно производство на енергија.

(3) Оправданите трошоци се пресметуваат како нето разлика од било кои оперативни трошоци и оперативни бенефиции поврзани со дополнителни инвестиции за обновливи извори на енергија и што произлегуваат во текот на првите пет години од инвестициите за кои станува збор.

Член 22

Услови за доделување на помош за студии за заштита на животната средина

(1) Помошта на претпријатијата за студии кои директно се поврзани со инвестиции со цел постигнување на обврзувачките стандарди под условите утврдени во член 18 од оваа уредба, за да се постигне заштеда на енергија под условите утврдени во член 19 од оваа уредба, за производство на обновлива енергија под условите утврдени во член 21 од оваа уредба е дозволена доколку се исполнети следните услови:
1) Интензитетот на помошта да не надминува 50% од оправданите трошоци.

2) Интензитетот на помошта може да се зголеми за 10 процентни поени за средни и за 20 процентни поени за малите претпријатија.

(2) Оправдани трошоци се трошоците за студиите.

(3) Помошта од став (1) од овој член може да се додели и во случаи кога подготвителната студија не е проследена со инвестиција.

Член 23

Услови за доделување на помош за енергетски ефикасно централно греење

(1) Помош за инвестиции во животната средина во инсталации за енергетско-ефикасно централно греење е дозволена доколку се исполнети следните услови:
1) тоа води до примарна заштеда на енергија или инвестицијата е наменета за користење и дистрибуција на греење со отпад.
2) интензитетот на помошта да не надминува 50% од оправданите инвестициски трошоци.
3) интензитетот на помош може да се зголеми:
а) за 10 процентни поени за средни претпријатија
б) за 20 процентни поени за мали претпријатија.
в) до 100% од оправданите инвестициски трошоци, каде што помошта се дава преку процес на транспарентно наддавање.

(2) Оправдани трошоци се дополнителните инвестициски трошоци (во материјални и нематеријални средства) неопходни за реализација на инвестиција која ќе доведе до енергетско ефикасно централно греење во споредба со инвестицијата на која се однесува.

(3) Оправданите трошоци се пресметуваат како нето разлика од било кои оперативни трошоци и оперативни бенефиции поврзани со дополнителни инвестиции а кои произлегуваат во текот на првите пет години од инвестицијата за која станува збор.

Член 24

Услови за доделување на инвестициска помош за управување со отпад

(1) Инвестициска помош за управување со отпад од други претпријатија, вклучувајќи ги и активностите на повторно користење, рециклирање и обновување е дозволена доколку таквото управување е во согласност со хиерархиската класификација на принципите на управување со отпад и доколку секој од следниве услови е исполнет:
1) инвестицијата е насочена кон намалување на загадувањето генерирано од други претпријатија (загадувачи) и не се однесува на загадувањето генерирано од страна на корисникот на помошта,
2) помошта индиректно не ги ослободува загадувачите од обврските кои ги имаат според законите на Република Македонија, или од обврските кои ги имаат а претставуваат нормални трошоци на компанијата - загадувач,
3) инвестицијата го надминува процесот во кој употребата на отпаден материјал за производство на крајниот производ е економски нормална профитабилна пракса, или пак користи конвенционални технологии на иновативен начин,
4) третираните материјали во спротивно би биле отстранети или би биле третирани на помалку еколошки начин,
5) инвестицијата ќе ја зголеми побарувачката за материјали за рециклирање без зголемување на собирањето на истите.

6) интензитетот на помош не смее да надмине 50% од оправданите инвестициски трошоци.
7) максималниот интензитет на помош може да се зголеми:
а) до 10 процентни поени за средни претпријатија
б) до 20 процентни поени за мали претпријатија.

(2) Оправданите трошоци ќе бидат ограничени на дополнителните инвестициски трошоци кои ги има корисникот (во материјални и во нематеријални средства) потребни да се реализира одредена инвестиција што ќе доведе до управување со отпад, во споредба со инвестиција со ист капацитет во конвенционално производство што не вклучува управување со отпад. Трошоците за таквата инвестиција мора да бидат одземени од оправданите трошоци.

(3) Оправданите трошоци се пресметуваат како нето разлика од било кои оперативни бенефиции и трошоци, поврзани со дополнителни инвестиции за управување со отпад, а кои произлегуваат во текот на првите пет години од инвестицијата за која станува збор.

Член 25

Услови за доделување инвестициска помош за санација на контаминирани локалитети

(1) Инвестициската помош која се доделува на претпријатија кои ја отстрануваат штетата на животната средина преку санација на контаминирани локалитети е дозволена доколку се исполнети следните услови:
1) Помошта да доведе до подобрување на заштитата на животната средина.
2) Интензитетот на помош за санација на контаминирани локалитети може да изнесува до 100% од оправданите трошоци.

(2) Оправдани трошоци се еднакви на разликата од трошоците за санациски работи и од зголемувањето на вредноста на земјиштето. Сите трошоци направени од страна на претпријатието во санација на своето земјиште, без разлика дали овие расходи може да се прикажат како фиксни средства во својот биланс на состојба, се сметаат како оправдана инвестиција во случај на санација на контаминирани локалитети.

(3) Штетата на животната средина ја опфаќа штетата на квалитетот на почвата или на површинските или подземните води.

(4) Кога е познат загадувачот, истиот е должен да учествува во санацијата во согласност со принципот „загадувачот плаќа„ и истиот не може да добие помош.

(5) Кога загадувачот не е познат или не може да ги сноси трошоците, лицето кое го санира локалитетот може да добие помош.

Член 26

Услови за доделување на инвестициска помош за алокација на претпријатијата

(1) Инвестициската помош за алокација на претпријатијата на нови локации, заради

заштита на животната средина е дозволена доколку се исполнети следните услови:
1) промената на локацијата да биде заради заштита на животната средина или за заштита на земјиштето и да е врз основа на управна или судска одлука на надлежен јавен орган или да биде договорена помеѓу претпријатието и надлежниот јавен орган,
2) претпријатието мора да се усогласи со најстрогите стандарди за заштита на животна средина што се применуваат во новиот регион каде е преместено.
3) Интензитетот на помошта да не надминува 50% од оправданите инвестициски трошоци.
4) Интензитетот на помошта од точка 3) на овој став може да се зголеми:
а) до 10 процентни поени за средни претпријатија или
б) до 20 процентни поени за мали претпријатија.

(2) Оправданите трошоци се еднакви на разликата помеѓу збирот на приносот од земјиштето или надоместокот за издавање на напуштеното земјиште, компензацијата која се плаќа во случај на експропријација, сите други придобивки кои се резултат на преселбата, особено од преносот, употребената технологија и сметководствените добивки поврзани со подобреното искористување на капацитетот и инвестициите поврзани со зголемувањето на капацитетите од една страна и збирот на трошоците за купување на земјиште или за изградба или купување на нов објект со ист капацитет како и објектот кој се преместува и сите казни кои му се изречени на претпријатието заради откажување на договорот за закуп на земјиште или згради, ако со управна или судска одлука се наложува промена на локацијата заради предвремено откажување на таков договор.

Член 27

Услови за доделување на помош во форма на намалување или изземање од плаќање на надоместоци за заштита на животната средина

(1) Помошта во форма на намалување или изземање од плаќање на надоместоци за заштита на животната средина е дозволена доколку истата придонесува барем индиректно за подобрување на нивото на заштита на животната средина и намалувањето или изземањето од плаќање на надоместоци за заштита на животната средина не го спречуваат спроведувањето на општата цел за заштита на животната средина.

(2) Помошта во форма на намалување или изземање од плаќање на надоместоци за заштита на животната средина е дозволена за период од десет години, доколку корисниците плаќаат надоместок на минимално ниво.

(3) Помошта во форма на намалување или изземање од плаќање на надоместоци за заштита на животната средина, освен оние наведени во став (2) на овој член е дозволена за период од десет години.

(4) Комисијата за заштита на конкуренцијата особено ќе ги анализира потребата и пропорционалноста на помошта како и нејзините ефекти на ниво на економски сектори.

Член 28

Постапка за доделување на помош за заштита на животната средина

(1) Помошта за заштита на животната средина може да биде доделена само ако пред почетокот на проектот е поднесено барање од страна на корисникот на помошта до давателот на државната помош.

(2) Сите даватели на државна помош мора да покажат дека државната помош ќе има поттикнувачки ефект, односно ќе доведе до менување во однесувањето на корисниците на помошта, така што нивото на заштита на животната средина ќе се зголеми.

IV. Вработување

Член 29

Помош за вработување

(1) Помошта за вработување на лица кои потешко се вклучуваат на пазарот на трудот и на инвалидизирани лица е дозволена како помош:

а) за вработување на невработени лица кои активно бараат работа во форма на субвенции на плата;
б) за вработување на инвалидизирани лица во форма на субвенции на плата и
в) за надоместување на дополнителните трошоци за вработување на инвалидизирани лица.)

Член 30

Услови за доделување на помош за невработени лица кои активно бараат работа во форма на субвенции на плата

(1) Помошта за вработување на невработени лица кои активно бараат работа во форма на субвенции на платите е дозволена доколку се исполнети следните услови:
1) Помошта да не надминува 50% од оправданите трошоци
2) Оправданите трошоци се трошоците за плати во текот на период од најмногу 12 месеци по вработувањето.
3) Помошта да доведува до нето зголемување на бројот на невработени лица кои активно бараат работа во претпријатието за кое станува збор во споредба со просекот во претходните дванаесет месеци. Нововработените лица кои активно бараат работа треба да ги пополнат само новосоздадените или испразнетите места, испразнети како резултат од доброволно заминување, инвалидитет, пензионирање врз основа на возраста, доброволно намалување на работното време или законско разрешување поради несоодветно однесување, а не како резултат на технолошки вишок.

(2) Кога помошта од став (1) од овој член се доделува на невработено лице кое активно бара работа, оправдани трошоци се трошоците за плати во текот на период од најмногу 24 месеци по вработувањето.

Член 31

Услови за доделување на помош за вработување на инвалидизирани лица во форма на субвенции на плата

(1) Помошта за вработување на инвалидизирани лица во форма на субвенции на платите е дозволена доколку се исполнети следните услови:
1) Интензитетот на помошта за вработување на инвалидизирани лица во форма на субвенции на платите да не надминува 75% од оправданите трошоци.

2) Оправдани трошоци се трошоците за плати во периодот за кој се дадени, а во кој инвалидизираните лица се вработени.

3) Помошта да доведува до нето зголемување на бројот на инвалидизираните лица во претпријатието за кое станува збор, во споредба со просекот во претходните дванаесет месеци. Нововработените инвалидизирани лица треба да ги пополнат само новосоздадените или испразнетите места, испразнети како резултат од доброволно заминување, инвалидитет, пензионирање врз основа на возраста, доброволно намалување на работното време или законско разрешување поради несоодветно однесување, а не како резултат на технолошки вишок.

Член 32

Услови за доделување на помош за надоместување на дополнителни трошоци за вработување на инвалидизирани лица

(1) Помошта за надоместување на дополнителни трошоци за вработување на инвалидизирани лица е дозволена доколку се исполнети следните услови:

1) Интензитетот на помошта да не надминува 100% од оправданите трошоци.

2) Оправдани трошоци се:

а) трошоци за адаптирање на просториите,
б) трошоци за вработување на персонал, само за времето поминато за давање помош на инвалидизираните лица,
в) трошоци за адаптирање или за опрема, или за софтвер за употреба од страна на инвалидизирани лица, вклучувајќи и уреди / објекти со адаптирана или помошна технологија, кои се дополнителни на оние кои корисникот би ги имал направено доколку вработува лица кои не припаѓаат во категоријата на инвалидизирани лица.
г) трошоци за изградба, инсталирање или проширување на воспоставените капацитети на кои се однесува вработувањето на инвалидизирани лица, како и сите трошоци на администрација и транспорт кои се резултат директно од вработувањето на инвалидизирани лица, доколку корисникот обезбедува заштитно вработување.

(2) Оправданите трошоци освен трошоците за плати согласно член 31 од оваа уредба, се трошоците кои се дополнителни на оние кои претпријатието би ги имало направено доколку вработи лица кои не припаѓаат во категоријата на инвалидизирани лица во период во кој работникот за кој се однесува е вработен.

Член 33

Постапка за доделување на помош за вработување

(1) Помош за вработување на невработени лица кои активно бараат работа и на инвалидизирани лица е дозволена само ако пред почетокот на проектот е поднесено барање од страна на корисникот до давателите на државна помош.

(2) Сите даватели на државна помош мора да покажат дека државната помош ќе има поттикнувачки ефект, односно во случај на помош во форма на субвенции на платите тоа ќе доведе до нето зголемување на бројот на невработени лица кои активно бараат работа и на инвалидизирани лица во претпријатието за кое станува збор, во споредба со просекот во претходните дванаесет месеци. Нововработените невработени лица

кои активно бараат работа или инвалидизираните лица, треба да ги пополнат само новосоздадените или испразнетите места, испразнети како резултат од доброволно заминување, инвалидитет, пензионирање врз основа на возраста, доброволно намалување на работното време, законско разрешување поради несоодветно однесување, или проширување на дејноста, а не како резултат на технолошки вишок.

(3) Освен во случај на законски отпуштања за несоодветно однесување, невработените лица кои активно бараат работа имаат право на постојано вработување за минимален период во согласност со македонските закони или според било кој колективен договор со кој се регулира нивниот договор за вработување. Доколку периодот на вработување е пократок од 12 месеци или, како што може да биде случај 24 месеци, помошта се намалува соодветно пропорционално.

V. Обука

Член 34

Помош за обука

Помош за обука е дозволена за:
а) посебна обука.
б) општа обука.

Член 35

Услови за доделување на помош за обука

(1) Доделување на помошта за обука е дозволено доколку се исполнети следните услови:
1) истата резултира со промена во однесувањето од страна на корисникот на помошта, така што тоа обезбедува повеќе и / или подобра обука отколку што би била во случај без истата.
2) интензитетот на помошта да не надминува:
а) 25% од оправданите трошоци за посебна обука;
б) 60% од оправданите трошоци за општа обука.
3) Интензитетот на помошта може да се зголеми до 80% од оправданите трошоци, и тоа:
а) за 10 процентни поени доколку обуката се дава на на невработени лица кои активно бараат работа и инвалидизирани работници;
б) за 10 процентни поени доколку помошта е доделена на средни претпријатија и за 20 процентни поени доколку истата е доделена на мали претпријатија.
4) Во случаи кога проектот за помош вклучува компоненти од посебна и од општа обука, а кои не можат да бидат поделени за потребите на пресметување на интензитетот на помош, и во случаи кога посебниот или општиот карактер на обуката за помош на проектот не може да се утврди, тогаш се применуваат интензитетите на помошта кои одговараат на посебните обуки.

(2) Оправдани трошоци се:
а) лични трошоци на предавачот;
б) патни трошоци и трошоци за сместување на предавачите и на лицата кои се обучуваат;
в) други тековни трошоци како што се материјали и ситен инвентар директно поврзани со проектот;
г) амортизација на алат и опрема, до степен до кој истите се користат;

д) трошоци за упатства и советодавни услуги кои се однесуваат на проектот за обука;
ѓ) персоналните / лични трошоци на лицата кои се обучуваат како и општите индиректни трошоци (административни трошоци, кирија, режиски трошоци), до износот на вкупниот број на други оправдани трошоци, наведени во точките од (а) до (д).Што се однесува пак до персоналните / личните трошоците на учесниците на обуката, се зема во предвид само времето кое учесниците навистина го поминале на обуката, по одбивањето на работни часови.

Член 36

Постапка за доделување на помош за обука

(1) Помош за обука е дозволена само ако пред почетокот на проектот за обука, барањето е доставено од страна на корисникот до давателите на истата.
(2) Сите даватели на државна помош мора да покажат дека државната помош ќе има поттикнувачки ефект, односно дека истата води кон зголемување во големина, квалитет, обем или таргетирани учесници на проектот за обука во споредба со ист вид на обука без државна помош.

VI. Услуги од општ економски интерес

Член 37

Помош за вршење на услуги од општ економски интерес

(1) Помошта за вршење на услуги од општ економски интерес се дава во форма на надомест за вршење на услуги од општ економски интерес.

(2) Доделувањето на државна помош во форма на надомест за вршење на услуги од општ економски интерес е дозволено и истото не потпаѓа под обврска за известување до Комисијата за заштита на конкуренцијата, доколку се работи за следниве категории на надомест:

а) надомест кој не надминува годишен износ од 15 милиони евра во денарска противвредност за обезбедување на услуги од општ економски интерес во сите области, освен во транспортот и во транспортната инфраструктура;

б) надомест кој се доделува за вршење на услуги од општ економски интерес кои ги вршат болниците за обезбедување на медицинска нега, вклучувајќи и служби за итна медицинска помош таму каде што е тоа применливо; како и директно поврзани и неопходни активности за извршување на главната дејност како на пример истражувањето;

в) надомест кој се доделува за вршење на услуги од општ економски интерес за исполнување на социјалните потреби во поглед на здравјето и долгорочната нега, грижа за деца, пристап до пазарот на трудот и реинтеграција на пазарот на трудот, социјално домување и грижа и социјално вклучување на ранливите групи;

г) надомест кој се доделува за вршење на услуги од општ економски интерес кои се вршат на аеродромите и пристаништата за кои просечниот годишен сообраќај во текот на две финансиски години пред онаа во која услугата за општ економски интерес е доверена не надминува 200 000 патници за аеродромите и 300 000 патници за пристаништата.

(3) Одредбата од став (2) од овој член ќе се применува доколку на претпријатието примател на надоместот му се доверени обврски за вршење на услуга од јавен интерес за временски период од најмногу десет години. Доколку периодот надминува десет години, одредбата од став (2) од овој член ќе се применува само доколку од претпријатието се бара значителна инвестиција за која е потребен подолг период на амортизација.

(4) Во сите други случаи кога временскиот период за кој на примателот на надоместот му е доверено вршењето на услугата надминува десет години и покрај тоа што се исполнети условите од ставот (2) од овој член давателот е должен да поднесе известување до Комисијата за заштита на конкуренцијата.

(5) Одредбите од став (2) од овој член не се применуваат за надомест за вршење на услуги од општ економски интерес во областа на копнениот транспорт.

Член 38

Услови за доделувањето на државна помош во форма на надомест за вршење на услуги од општ економски интерес

(1) При доделување на државна помош во форма на надомест за вршење на услуги од општ економски интерес треба да бидат исполнети следните услови:

а) на претпријатието примател на надоместот му се доверени обврски за вршење на услуга од јавен интерес кои услуги се точно дефинирани со еден или повеќе правни акти;

б) параметрите врз основа на кои се пресметува надоместот за вршење на услуги од општ економски интерес да се однапред утврдени на објективен и транспарентен начин;

в) надоместот да не го надминува износот на она што е неопходно да се покријат сите или дел од трошоците направени при извршувањето на услугите од општ економски интерес, земајќи ги притоа во предвид реалните трошоци документирани со релевантни сметки и разумна добивка;

г) претпријатието што е задолжено за реализација на услугата од општ економски интерес да биде избрано во согласност со постапка за јавна набавка или, доколку нема постапка за јавна набавка, тогаш износот на надоместот се утврдува врз основа на анализа на трошоци кои би ги направило едно типично добро раководено претпријатие. Помошта ќе биде дозволена само доколку надлежниот орган, при доверувањето на обезбедувањето на услугата на претпријатието, е во согласност или се обврзува да се усогласи со важечките правила во областа на јавните набавки.

Член 39

Параметрите врз основа на кои се пресметува надоместот за вршење на услуги од општ економски интерес

(1) Параметри врз основа на кои се пресметува надоместот за вршење на услуги од општ економски интерес се нето трошоците направени за извршување на услугата од општ економски интерес и разумна добивка.

(2) Нето трошоците се состојат од разликата помеѓу сите трошоци кои се направени само при вршењето на услугите од општ економски интерес при што може да се земат во предвид и трошоци за инвестиција доколку е поврзана со услугата од општ економски интерес од една страна, и приходот на претпријатието од вршењето на услугата за општ економски интерес, од друга страна. Алтернативно, нето трошоците може да се пресметаат и како разлика помеѓу нето трошоците кои се направени само при вршењето на услугите од општ економски интерес и добивката на претпријатието без да врши дејност од општ економски интерес.

(3) Трошоците кои се земаат во предвид ги содржат сите трошоци кои се настанати при вршењето на услугите од општ економски интерес. Тие треба да се пресметуваат на основа на општо прифатените сметководствени принципи, и тоа:

а) кога сите активности на претпријатието се вршат како услуги од општ економски интерес, сите негови трошоци треба да се земат во предвид;

б) кога претпријатието истовремено има активности кои се надвор од вршењето на услуги од општ економски интерес, во предвид се земаат само трошоците за вршење на услуги од општ економски интерес;

в) трошоците за услугите од општ економски интерес може да ги покриваат сите директни трошоци настанати при вршењето на услуги од општ економски интерес и соодветен дел од трошоците кои се заеднички за услугите од општ економски интерес и за другите активности;

г) трошоците кои се поврзани со инвестиции, особено поврзани со инфраструктурата, може да се земат во предвид,тогаш кога таа инфраструктура е неопходна за вршењето на услугите од општ економски интерес.

(4) Разумна добивка значи стапката на поврат на капиталот која ќе биде побарана од страна на една типична компанија, притоа земајќи во предвид дали се извршуваат услуги од општ економски интерес за целото времетраење на актот на доверување, како и земајќи го во предвид и нивото на ризик. Стапка на поврат на капиталот означува интерна стапка на поврат на капиталот кој претпријатието го инвестира за периодот додека се врши услугата.

(5) Таму каде што е тоа оправдано за утврдување на разумната добивка, освен стапката на поврат на капиталот може да се користат и индикаторите на нивото на добивка како што се просечниот поврат на капиталот во текот на периодот за кој се доверува вршењето на услугата од општ економски интерес, поврат на ангажираниот капитал, враќањето на средствата или поврат на продажбата.

Член 40

Избегнување на прекумерен надомест

Висината на надоместот за вршење на услуги од општ економски интерес не смее да го надминува неопходниот износ со што би се покриле нето трошоците направени за извршување на услугата од општ економски интерес, вклучувајќи и разумна добивка.

VII. Ризичен капитал

Член 41

Помош во облик на ризичен капитал

(1) Помошта во облик на ризичен капитал која ги поттикнува инвеститорите на пазарот да обезбедат ризичен капитал за целните претпријатија, го вклучува следното:
а) утврдување на инвестициски фондови (здружувачки капитални фондови) во кои државата е партнер, инвеститор или учесник, дури и под помалку поволни услови од другите инвеститори,
б) гаранции за инвеститорите на ризичен капитал или на здружувачките капитални фондови наспроти процентот на инвестициските загуби, или гаранции дадени како заеми за инвеститорите / средства за инвестирање во ризичен капитал, обезбедувајќи јавно покритие за потенцијалните основни загуби кое не надминува 50% на номиналниот износ на загарантираната инвестиција,
в) други финансиски инструменти во корист на инвеститорите на ризичен капитал или на здружувачките капитални фондови за да се обезбеди дополнителен капитал за инвестиции,
г) фискални стимулации за инвестициски фондови и / или нивните менаџери, или за инвеститорите со цел преземање инвестиции во облик на ризичен капитал.

Член 42

Услови за доделување на помош во облик на ризичен капитал

(1) Доделувањето на помошта во облик на ризичен капитал е дозволено доколку се исполнети следните услови:
1) Помошта треба да биде мотивирана од зголемување на профитот на претпријатијата, односно да има потенцијал за значителен профит и постојана поддршка на претпријатијата за таа цел.
2) Инвестицискиот фонд во облик на ризичен капитал да не надминува 1,5 милиони ЕУР во денарска противвредност по целно мало и средно претпријатие во секој период од 12 месеци.
3) За малите и средни претпријатија помошта во форма на ризичен капитал ќе биде ограничена на обезбедување на претпочетен капитал, почетен капитал и/или растечки капитал.
4) Инвестицискиот фонд во облик на ризичен капитал мора да обезбеди најмалку 70% од вкупниот буџет во форма на капитал/ влог / удел и квази-вложувачки инвестициски инструменти во целните мали и средни претпријатија.

5) Најмалку 50% од финансирањето на инвестициите направени во рамките на мерките за помош во облик на ризичен капитал мора да бидат обезбедени од страна на приватни инвеститори. Најмалку 30% од финансирањето на инвестициите направени во рамките на мерките за помош во облик на ризичен капитал мора да бидат обезбедени од страна на приватни инвеститори за малите и средни претпријатија.
6) Помошта на инвестициите во целните мали и средни претпријатија мора да биде профитабилна и управувана на комерцијална основа.
7) Помошта во облик на ризичен капитал треба да има секторски фокус на специфични иновативни технологии или дури и сектори (како што се здравството, информатичката технологија, биотехнологијата).
8) Помошта во облик на ризичен капитал не се доделува за спас и за реструктуирање на претпријатија во потешкотии и во индустријата на јаглен и челик.
9) Помошта во облик на ризичен капитал мора да се однесува на одреден пазарен неуспех за чие постоење има доволно докази.
10) Помошта во облик на ризичен капитал треба до доведе до нето зголемување на достапноста на ризичен капитал на мали и средни претпријатија особено со проширување на инвестицијата од страна на приватни инвеститори.

VIII. Завршни одредби

Член 43

Со денот на влегувањето во сила на оваа уредба, престанува да важи Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош (Службен весник на Република Македонија бр.157/2007).

Член 44

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 41-9585/1
30 декември 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

55.

Врз основа на член 54-а став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 08/2005, 150/2007, 35/2011, 166/2012 и 137/2013), Владата на Република Македонија на седницата, одржана на 30.12.2013 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНА СТВАР НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗДРАВСТВО

Член 1

Со оваа одлука, на досегашниот корисник Јавното претпријатие за водоснабдување Студенчица Кичево му престанува користењето на движна ствар-моторно возило со следните карактеристики:

1. Патничко моторно возило, марка LADA, модел NIVA, тип 4x4 TNG, број на шасија XTA212140B2-029821, број на мотор 212149437839, регистарска ознака KI-0115-AB, година на производство 2011 година, работна зафатнина на моторот 1690 cm³, сила на моторот 61 kW/ks, боја на каросеријата - бела 01.

Член 2

Движната ствар од член 1 од оваа одлука се дава на трајно користење, без надомест на Министерство за здравство.

Член 3

Директорот на Јавното претпријатие за водоснабдување Студенчица Кичево, склучува договор со министерот за здравство, со кој се уредуваат правата и обврските за движната ствар од членот 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-10216/1
30 декември 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

56.

Врз основа на член 54 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 08/2005, 150/2007, 35/2011, 166/2012 и 137/2013), Владата на Република Македонија на седницата, одржана на 30.12. 2013година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗДРАВСТВО

Член 1

Со оваа одлука, на досегашниот корисник Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија и престанува користењето на движни ствари-моторни возила со следните карактеристики:

1. Товарно моторно возило, марка Zastava, Тип Yugo Florida 1.3 Poly, број на шасија VX1103A0000-051245, број на мотор 13MB-064/0087137, регистарска ознака SK-625-MG, година на производство 2002 година, работна зафатнина на моторот 1301 см3, сила на моторот 50 kw/ks, боја на каросеријата- црвена 78 и бела 01.

2. Патничко моторно возило, марка VW Golf, тип Variant 1.9 TD, број на шасија WVWZZZ1HZWW01-1801, број на мотор AAZ727564, регистарска ознака SK- 124-GZ, година на производство 1997 година, работна зафатнина на моторот 1896 см3, сила на моторот 55 kw/ks, боја на каросеријата- бела 01.

3. Патничко моторно возило, марка Daihatsu, тип Charade, број на шасија JDAG100S000700237, број на мотор 1814154/93, регистарска ознака SK- 0051-AA, година на производство 1991 година, работна зафатнина на моторот 993 см3, сила на моторот 38 kw/ks, боја на каросеријата- металик плава 99.

4. Товарно моторно возило, марка FIAT FIORINO, тип 1.7 DS, број на шасија ZFA14600008536155, број на мотор 2000598, регистарска ознака SK- 302-HN, година на производство 1997 година, работна зафатнина на моторот 1697 см3, сила на моторот 42 kw/ks, боја на каросеријата- светло црвена 74.

5. Товарно моторно возило марка FIAT, Тип Fiorino 1.7, број на шасија ZFA14600008471992, број на мотор 1753709, регистарска ознака SK-787-HH, година на производство 1996 година, работна зафатнина на моторот 1697 см3, сила на моторот 42 kw/ks, боја на каросеријата- бела 01.

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење, без надомест на Министерство за здравство.

Член 3

Директорот на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, склучува договор со министерот за здравство, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од членот 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-10216/2
30 декември 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

57.

Врз основа на член 54-а став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 08/2005, 150/2007, 35/2011, 166/2012 и 137/2013), Владата на Република Македонија на седницата, одржана на 30.12.2013 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗДРАВСТВО

Член 1

Со оваа одлука, на досегашниот корисник Агенцијата за електронски комуникации и престанува користењето на движни ствари-моторни возила со следните карактеристики:

1. Патничко моторно возило, марка lada Niva, Тип Incjection, број на шасија XTA21214021647111, број на мотор 21214A/7012210, регистарска ознака SK-741-LO, година на производство 2002 година, работна зафатнина на моторот 1690 см3, сила на моторот 59 kw/ks, боја на каросеријата- 01бела.

2. Патничко моторно возило, марка lada Niva, Тип Incjection, број на шасија XTA21214021640540, број на мотор 21214A/676280, регистарска ознака SK-741-LO, година на производство 2002 година, работна зафатнина на моторот1690 см3, сила на моторот 59,9 kw/ks, боја на каросеријата- бела 01.

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење, без надомест на Министерство за здравство.

Член 3

Директорот на Агенцијата за електронски комуникации, склучува договор со министерот за здравство, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од членот 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 41-10216/3
30 декември 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

_____

58.

Врз основа на член 54-а став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија" бр. 8/2005, 150/2007, 35/2011, 166/2012 и 137/2013), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 30.12.2013 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗДРАВСТВО

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за финансии –Управата за јавни приходи му престанува користењето на движни ствари – возила и тоа:

- возило марка SEAT IBIZA со регистарска ознака СК-3227-АЦ и година на производство 2001 година, број на шасија VSSZZZ6KZ1R245814, број на мотор АКК232577;
- возило марка SEAT IBIZA со регистарска ознака СК-3232-АЦ и година на производство 2000 година, број на шасија VSSZZZ6KZ1R059727, број на мотор АКК 214531.

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надомест на Министерството за здравство.

Член 3

Директорот на Управата за јавни приходи склучува договор со министерот за здравство со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 41-10216/4
30 декември 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

59.

Врз основа на член 54-а став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија" бр. 08/2005, 150/2007, 35/2011, 166/2012 и 137/2013), Владата на Република Македонија на седницата, одржана на 30.12.2013 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗДРАВСТВО

Член 1

Со оваа одлука, на досегашниот корисник Јавното претпријатие за државни патишта и престанува користењето на движни ствари-моторни возила со следните карактеристики:

1. Патничко моторно возило, марка Daewoo, Тип Lanos Se A, број на шасија SUPTF69YDXW026269, број на мотор A15SMS009705R, регистарска ознака МК-36-CD-022-00, година на производство 1999 година, работна зафатнина на моторот 1498 см3, сила на моторот 63 kw/ks, боја на каросеријата- 3F/темно зелена.

2. Патничко моторно возило, марка Toyota, Тип Rav 4 linea luna A/C 2.0, број на шасија JTEHH20V20-0024170, број на мотор 1AZ0094641, регистарска ознака SK-009-KH, година на производство 2000 година, работна зафатнина на моторот 1998 см3, сила на моторот 110 kw/ks, боја на каросеријата- 8С мет.кафена.

3. Патничко моторно возило, Audi, Тип А6 2.8 Quatro, број на шасија WAUZZZ4BZYN055915, број на мотор APR 015014, регистарска ознака SK-002-JJ, година на производство 1999 година, работна зафатнина на моторот 2771 см3, сила на моторот 142 kw/ks, боја на каросеријата- 20 црна.

4. Патничко моторно возило, Opel, Тип Corsa1. 2I16V, идентификационен број на возилото WOL0XC-F6814127562, број на мотор Z12XE, регистарска ознака SK-875-RI, година на производство 2001 година, работна зафатнина на моторот 1199 см3, сила на моторот 55kw/ks, боја на каросеријата- бела/01.

5. Патничко моторно возило, Peugeot, Тип 206 XR PRESENSE 1.4, број на шасија VF32AKFXE40729460, број на мотор 10FS8U3000739, регистарска ознака SK-282-JM, година на производство 2000 година, работна зафатнина на моторот 1360 см3, сила на моторот 55kw/ks, боја на каросеријата- 91-сина.

6. Патничко моторно возило, Opel, Тип Corsa 1.2 16V, број на шасија W0L0XCF68141217536, број на мотор Z12XE19Q93939, регистарска ознака SK-028-KJ, година на производство 2001 година, работна зафатнина на моторот 1199 см3, сила на моторот 55kw/ks, боја на каросеријата- 01-бела.

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење, без надомест на Министерство за здравство.

Член 3

Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта, склучува договор со министерот за здравство, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од членот 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-10216/5
30 декември 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

_____

60.

Врз основа на член 54-а став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија” бр. 8/2005, 150/2007, 35/2011, 166/2012 и 137/2013), Владата на Република Македонија на седницата, одржана на 30.12.2013 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНА СТВАР НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗДРАВСТВО

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник, АД за поштенски сообраќај „Македонска пошта“ - Скопје, му престанува користењето на движна ствар – патничко моторно возило, марка LADA, модел NIVA, тип 21213 1.7, број на шасија XTA212130W1356836, број на мотор 5268758, регистарска ознака SK-778-IH, година на производство 1998 година, работна зафатнина на моторот 1690 cm³, сила на моторот 58 kW/ks, боја на каросеријата - бела 01.

Член 2

Движната ствар од член 1 од оваа одлука се дава на трајно користење без надомест на Министерството за здравство.

Член 3

Директорот на АД за поштенски сообраќај „Македонска пошта“ – Скопје склучува договор со министерот за здравство со кој се уредуваат правата и обврските за движната ствар од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 41-10216/6
30 декември 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

_____

61.

Врз основа на член 54 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија” бр. 8/2005, 150/2007, 35/2011, 166/2012 и 137/2013), Владата на Република Македонија на седницата, одржана на 30.12.2013 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗДРАВСТВО

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник, Министерство за финансии, му престанува користењето на следните движни ствари:

1. Патничко моторно возило марка FORD, модел MONDEO, тип 1.8 EFI GLX, број на шасија WF0AXXGBBAWU24849, број на мотор WU24849, регистарска ознака SK-036-KS, година на производство 1998 година, работна зафатнина на моторот 1753 cm³, сила на моторот 85 kW/ks, боја на каросеријата - бела 01.
2. Патничко моторно возило марка VOLKSWAGEN, модел POLO, GLX, број на шасија WVWZZZ6NZTW024786, број на мотор AEE049833, регистарска ознака SK-851-GK, година на производство 1995 година, работна зафатнина на моторот 1598 cm³, сила на моторот 55 kW/ks, боја на каросеријата - бела 01.
3. Патничко моторно возило марка VOLKSWAGEN, модел VENTO, GL 1.8, број на шасија WVWZZZ1HZSW279180, број на мотор ADZ079478, регистарска ознака SK-970-GR, година на производство 1995 година, работна зафатнина на моторот 1781 cm³, сила на моторот 66 kW/ks, боја на каросеријата – 75 металик црвена.
4. Патничко моторно возило марка FIAT, модел PUNTO, број на шасија ZFA17600000615432, број на мотор 176A90009502520, регистарска ознака SK-685-SL, година на производство 1996 година, работна зафатнина на моторот 1581 cm³, сила на моторот 65 kW/ks, боја на каросеријата – 74 црвена.

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надомест на Министерството за здравство.

Член 3

Министерот за финансии склучува договор со министерот за здравство со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 41-10216/7
30 декември 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

_____

62.

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011 и 15/2013), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 30.12.2013 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КОМИТЕТ ЗА СИСТЕМИ ЗА НАВОДНУВАЊЕ

Член 1

Со оваа одлука се формира Комитет за системи за наводнување заради преструктуирање на водостопанствата и водните заедници во Република Македонија.

Член 2

Со Комитетот за системи за наводнување ќе раководи претседателот на Владата на Република Македонија.

Во случај на отсуство на претседателот на Владата на Република Македонија со Комитетот ќе раководи еден од неговите заменици.

Членови на Комитетот за системи за наводнување се:

- заменикот на претседателот на Владата и министер за финансии;
- заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори;
- министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство;
- министерот за транспорт и врски;
- министерот за животна средина и просторно планирање;
- заменикот на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство;
- заменикот на министерот за економија;
- државниот секретар на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство;
- државниот секретар на Министерството за животна средина и просторно планирање;
- директорот на Управата за водостопанство.

По потреба на состаноците на Комитетот може да бидат повикувани и други министри и други стручни лица по одделни прашања.

Член 3

Комитетот за системи за наводнување за своето работење донесува Деловник за работа.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-9591/1
30 декември 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

63.

Врз основа на член 44 од Законот за данокот на добивка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 80/93, 33/95, 43/95, 71/96, 5/97, 28/98, 11/2001, 2/2002, 44/2002, 51/2003, 120/2005, 139/2006, 160/2007, 159/2008, 85/2010, 47/2011, 135/2011 и 79/2013), Државниот завод за статистика го утврдува и објавува

ДВИЖЕЊЕТО НА ИНДЕКСОТ НА ЦЕНИТЕ НА МАЛО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА МЕСЕЦ ДЕКЕМВРИ 2013 ГОДИНА

Индексот на цените на мало во Република Македонија во периодот јануари-декември 2013 година, во однос на просечните цени на мало во 2012 година, е повисок за 1,3 %.

Заменик на директорот,
м-р **Анита Стамнова**, с.р.

64.

Врз основа на член 44 од Законот за данокот на добивка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 80/93, 33/95, 43/95, 71/96, 5/97, 28/98, 11/2001, 2/2002, 44/2002, 51/2003, 120/2005, 139/2006, 160/2007, 159/2008, 85/2010, 47/2011 и 79/2013), Државниот завод за статистика го утврдува и објавува

ДВИЖЕЊЕТО НА ИНДЕКСОТ НА ТРОШОЦИТЕ НА ЖИВОТОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Индексот на трошоците на животот во Република Македонија во второто полугодие од 2013 година (период: јули-декември 2013 година), во однос на првото полугодие од 2013 година (период: јануари-јуни 2013 година), е на ниво од претходниот период.

Заменик на директорот,
м-р **Анита Стамнова**, с.р.

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk **contact@slvesnik.com.mk**

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. „Партизански одреди” бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – м-р Тони Трајанов.
Телефон: +389-2-55 12 400.
Телефакс: +389-2-55 12 401.

Претплатата за 2014 година изнесува 10.100,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2014003